РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2165/5
21.05.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 18. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 20.5.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Ивона Муфишева, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Јетон Исмаили, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 18. седница на Советот. Седницата почна во 13:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување Предлог-записник од 17. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.5.2026 година.
2. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Шења ДООЕЛ Скопје.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, за прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, за прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 17. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.5.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Шења ДООЕЛ Скопје. Тој информираше дека радиодифузерот имал обврска најдоцна до 14.5.2026 година да го плати годишниот надоместок за телевизиско емитување, но во предвидениот рок не ја извршил уплатата. Поради тоа, се предлага покренување постапка за одземање на дозволата, при што како дополнителен краен рок за подмирување на обврската е утврден 29 мај 2026 година. Воедно, директорот информираше дека во текот на вчерашниот ден остварил разговор со директорот на ТВ Шења, од кого добил уверување дека уплатата ќе биде извршена во наредните неколку дена, односно во рок од два дена.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, праша дали Советот, согласно законските одредби, сепак треба да покрене постапка за одземање на дозволата, на што директорот Зоран Трајчевски одговори потврдно.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Шења ДООЕЛ Скопје, УП1 бр.08-778 од 7.9.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2026-100-0129 од 09.04.2026 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување ТРД ТВ Шења ДООЕЛ Скопје, УП1 бр.08-778 од 7.9.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**Точка 3 и Точка 4**

Директорот, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека за двете точки ќе даде заедничко образложение, имајќи предвид дека прекршувањето кај двата радиодифузери – ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип и ТРД Телевизија Плус ДОО Куманово – се однесува на ист законски основ, односно на прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми. Тој објасни дека согласно Законот, радиодифузерите имаат обврска до Агенцијата, на посебен образец пропишан од Агенцијата, да доставуваат податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорства, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), како и податоци за вкупните приходи и расходи остварени од вршењето на дејноста, како и за просечната гледаност или слушаност во претходната година. Воедно, наведе дека двата радиодифузери во утврдениот рок не ја исполниле обврската за доставување на целокупната документација. Имено, ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип не доставил документ за регистрација на странското правно лице – основач на радиодифузерот – издаден од надлежниот регистар во земјата каде што е регистрирано, односно во Република Србија, додека ТРД Телевизија Плус ДОО Куманово не доставил податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2025 година, остварените вкупни

приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2025 година и за просечната гледаност во 2025 година. Од тие причини, се предлага Советот да изрече мерка јавна опомена за двата медиума и да им определи рок од 45 дена за доставување на недостасувачката документација согласно Законот за медиуми. По истекот на рокот, ќе биде спроведен контролен надзор со цел да се утврди дали радиодифузерите ја исполниле законската обврска. Директорот дополнително нагласи дека станува збор за прекршување кое, доколку обврската не биде исполнета, може да доведе до сериозни последици, односно до поведување постапка за одземање на дозволата за емитување.

Претседателот на Советот, Сашо Стефановски, праша дали, доколку не се исполни законската обврска, покренувањето постапка за одземање на дозволата ќе важи за двата радиодифузери, на што директорот Зоран Трајчевски одговори потврдно.

Членот на Советот, Петар Џуровски, праша како е регулирано прашањето со оданочувањето, имајќи предвид дека ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип е основано од фирма од Република Србија, а емитува програма во Северна Македонија.

Директорот Трајчевски појасни дека согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, основачи на трговски радиодифузни друштва можат да бидат домашни и странски правни или физички лица. Во конкретниот случај, основач на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип е фирма од Србија, но друштвото е регистрирано во Северна Македонија, поради што даночните обврски ги подмирува во државата.

Советничката Цветанка Миновска праша дали ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип и ТРД Телевизија Плус ДОО Куманово биле контактирани во врска со утврдениот прекршок и дали доставиле образложение за неисполнувањето на законската обврска.

Директорот Трајчевски објасни дека радиодифузерите биле контактирани и телефонски и писмено, преку известување доставено во прилог на Извештајот од административниот надзор. Тој посочи дека им бил оставен рок од седум работни дена за да се изјаснат по наводите, но во предвидениот рок не доставиле одговор.

*<u>Гласање по Точка 3</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.03-1973/1 од 30.4.2026 година и едногласно заклучи на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми, затоа што до 31 март во тековната година не достави до Агенцијата документ за регистрација на странското правно лице, основач на радиодифузерот, од соодветниот регистар на земјата во која е регистриран, од кој може да се добијат сознанија за основачот/ите и управителот (не постар од седум дена од денот на доставувањето, во оригинал и преведен на македонски јазик од овластен судски преведувач).

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст - бр. 01-4241/1 од 1.10.2025 година), му се наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка - јавна опомена, да го усогласи своето работење со член 15 став 1 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 4</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.03-1972/1 од 30.4.2026 година и едногласно заклучи на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми, затоа што до 31 март во тековната година не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2025 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2025 година и за просечната гледаност во 2025 година.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст - бр. 01-4241/1 од 1.10.2025 година), му се наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка - јавна опомена, да го усогласи своето работење со член 15 став 1 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

________________________

**м-р Сашо Стефановски**